ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ПРАВИЛА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ



ПОЧИТУВАНИ МАТУРАНТИ, ВНИМАТЕЛНО ПРОЧИТАЈТЕ ГИ ПРАВИЛАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА.

## НА ДЕНОТ НА ИСПИТИТЕ ВИЕ ТРЕБА:

- да бидете во училиштето во 8:30;
- да носите документ за лична идентификација со слика (лична карта, патна исправа или ученичка легитимација со фотографија и печат од матичното училиште);
- да ги оставите сите лични предмети (ташни, ранци, мобилни телефони i-pod-ови, органајзери, дигитрони) на местото предвидено за тоа;
- да проверите дали тестот е исправен во времето предвидено за подготовка на испитот – првите 15 минути (од 9.00 – 9.15 часот);
- да ги прочитате упатствата за решавање на тестот, кои се наоѓаат на насловната страна на тестот и на листата за одговори.

## ДОЗВОЛЕНО ВИ Е:

- да консумирате вода или безалкохолни пијалоци;
- да употребувате прибор за пишување (пенкало во сина боја);
- да употребувате прибор за геометрија (ленир, шестар, молив и гума)-незадолжително;
- да ја напуштите испитната просторија, доколку имате неопходна потреба, но НЕ подолго од 5 мин.

## НЕ ВИ Е ДОЗВОЛЕНО:

- да користите хартија, мобилни телефони и друг вид на електронски направи;
- да се консултирате и договарате со останатите кандидати;
- да препишувате од друг или да дозволите да препишуваат од Вас;
- недолично да се однесувате кон организаторите на испитите или другите кандидати.

## Мерки кои ги изрекува тестаторот/набљудувачот при прекршување на правилата за полагање на испити од државна матура:

| | |
|---|---|
| ОПОМЕНА, се изрекува кога кандидатот: | - поседува недозволени средства што не се предвидени со испитна програма (хартија, мобилен тел. и сл.);<br>- пишува на недолични знаци на тестот или листот за одговори;<br>- разменува информации поврзани со испитот. |
| ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСПИТОТ, се изрекува кога кандидатот: | - по изречената опомена продолжува да ги повторува прекршоците;<br>- препишува од друг кандидат;<br>- дозволува да препишуваат од него. |
| ПОНИШТУВАЊЕ НА СИТЕ ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА И ЗАБРАНА ЗА ПОЛАГАЊЕ НАРЕДНИОТ ИСПИТЕН РОК, се изрекува кога кандидатот: | - употребува недозволени средства што не се предвидени со испитната програма (хартија, мобилен тел. и сл.);<br>- полага наместо друг кандидат;<br>- не го предава целиот испитен материјал;<br>- несоодветно се однесува и упатува закани кон тестаторите или набљудувачите. |